**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА -
- MINISTRIA PËR ÇËSHTJE EVROPIANE-

05.12. 2025

**Архивски број:** 04-1061/92

Врз основа на член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024"), Државниот секретар во Министерството за европски прашања донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас за унапредување на административни државни службеници во Министерството за европски прашања**

1. Кандидатот Зулејха Тахири Незири, распоредена на работно место Помлад соработник за образование, култура, наука и истражување, во звање Помлад соработник, по пат на интерен оглас се избира за унапредување на работно место УПР0101В01001 - Советник за наука, истражување, образование и култура и социјална политика - Одделение за иновации, информатичко општество и социјална политика, Сектор за интеграција во звање Советник.
2. Именуваниот ќе биде унапреден со распоредување на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Министерството за европски прашања.

**О б р а з л о ж е н и е**

Министерството за европски прашања објави Интерен оглас број 02/2025 за унапредување на административни државни службеници на 2 (две) работни места, на 28.11.2025 година на веб страните на Министерството за европски прашања и Агенцијата за администрација.

Именуваниот поднесе пријава за унапредување на работното место објавено во интерниот оглас под реден број 1. УПР0101В01001 - Советник за наука, истражување,


Република Северна Македонија
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за европски прашања
Ministria për Çështje Evropiane
Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Sheshi Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
+389 2 3200 104
www.mep.gov.mk

образование и култура и социјална политика - Одделение за иновации, информатичко општество и социјална политика, Сектор за интеграција - 1 (еден) извршител.

Комисијата за селекција за унапредување на државни службеници формирана со решение бр.04-1061/75 од 04.12.2025 година, по спроведената административна селекција за проверка на податоците во пријавата за унапредување и изводите од персоналните досиеја со условите од Интерниот оглас, констатира дека кандидатот Зулејха Тахири Незири, како вработен во Министерството за европски прашања ги исполнува општите услови, како и посебните услови предвидени во Огласот, за пополнување на работното место за кое е поднесена пријавата за унапредување.

Со именуваниот од страна на Комисијата, согласно член 51 став 5 од Законот за административни службеници беше спроведено интервју за оценување на општите и посебните компетенции на кандидатот за работното место за кое е поднесена пријавата за унапредување.

Комисијата, по спроведената административната селекција и спроведеното интервју, согласно одредбите на Законот за административни службеници за унапредување на административни службеници, достави предлог до Државниот секретар за избор на именуваниот за унапредување на работното место под реден број 1 објавено во Интерниот оглас бр. 02/2025.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

<u>ПРАВНА ПОУКА:</u> **Против оваа одлука може да се изјави жалба преку Министерството за европски прашања до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена, сметано од денот на приемот на решението.**

**Арлинда Ѓакова**
**Arlinda Gjakova**

**Државен секретар**
**Sekretare Shtetërorë**

Подготвил: Иван Деспотовски
Контролирал: Маја Фузевска-Вељановска


Република Северна Македонија
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за европски прашања
Ministria për Çështje Evropiane
Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Sheshi Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
+389 2 3200 104
www.mep.gov.mk